# инфо-КОЧАНИ

весник на Општина Кочани

година IV број 60 * мај 2010 година * излегува еднаш месечно

www.kocani.gov.mk


БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



# БЕХАТОН ЗА УЛИЦИ ВО ГРДОВЦИ



**Влатко Трајанов**
член на Советот на општина Кочани

# БРОЈОТ НА РАЦЕТЕ РЕШАВА СЕКОГАШ

***Кои се карактеристиките на актуелниот советнички состав и како според Вас, функционира Советот?***

Цела година по мое лично видување, не успеав за мнозинството во Советот да стекнам впечаток дека би се издвоило со свои ставови, како лични, така и повеќе-партиски, (бидејќи се коалиција од повеќе партии) туку едноставно сè ме наведува на тоа дека нив ги води мотото – како ќе каже градоначалникот. Од друга страна, имаме една конструктивна опозиција, на која ѝ припаѓам и која своите ставови, предлози и мислења ги базира на аргументи и искуства, меѓутоа, за жал, бројот на рацете секогаш решава. Советот, генерално, своите задачи и обврски ги извршува на високо ниво. Присуството на седниците и комисиите речиси е 100%, дебатите на самите седници се безрезервни – не се штедиме едни со други на релација позиција – опозиција, - сè во функција на ефикасност на Советот и подобри решенија што ќе значат просперитет на Општината. Внимаваме да ги надминеме личните навреди и да го задржиме дигнитетот на Советот.

***На кои критериуми се заснова дејствувањето на опозицијата во Советот?***

И покрај тоа што Советот е политичко тело, не можеме да говориме за ситно политичко профитерство, ако на самата седница, по одредени точки, аргументите што ги изнесува опозицијата се непобитни, а така е во најголем број случаи. И самата власт тоа го увидува, но не сака да ги прифати нашите предлози и не сака да ги согледа своите недостатоци. На пример самата реализација на Буџетот за првото тромесечје е повеќе од скромна, која никогаш досега не била, истите тие показатели и позицијата ги согледа, но со нивната политичка малодушност, не сакаше вистински да ги презентира – едноставно ги одмолчи.

***Каква е Вашата и соработката на советничката опозиција со Градоначалникот и локалната администрација?***

Прво би говорел за личната соработка со градоначалникот и администрацијата. Неа би ја оценил како коректна и принципиелна. Меѓутоа, мое лично чувство е дека секогаш во тие контакти – посебно со релацијата со градоначалникот, - тој секогаш знае дека пред себе има соговорник од опозицијата. На ова поле би требало да поработи и самиот градоначалник а и ние, за да се доживуваме на релација – градоначалник - советник, а не член на опозицијата. Администрацијата професионално си го работи своето, и тука нема што да се додаде.

***Како е вашиот впечаток за состојбата во Општината во изминава година?***

Кочани се соочува со многу проблеми во сите сфери на живеење. Би започнал од стопанството кое се гуши во проблеми. Во земјоделието сликата воопшто не е розова, напротив, и таму неизвесноста е максимално изразена во секој поглед. На темата спорт, скоро и да не можеме да говориме, бидејќи спорт - нема во Кочани. Во културата има збиднувања, кои не се на повисоко ниво од изминатите години. Проблемите во инфраструктурата се скогаш актуелни и секогаш бараат полн ангажман како на градоначалникот, така и на самите советници. Процесите на децентрализацијата се парализирани скоро четири години, а самите знаеме што значи целосно децентрализирана општина, односно малку зависна од централната власт. Тоа значи – успешна и проспертитетна општина – каде што ќе дојде до израз креативноста на локалната власт.

***Впечаток е дека честопати во Советот настапувате и како претставник од населено место (Грдовци) и од земјоделците. Задоволни ли се тие од тоа како ги застапувате нивните интереси?***

Секогаш кога имам прилика и кога темата го дозволува тоа, настапувам како претставник на селска средина и како претставник на земјоделците. Дали моите сограѓани и пошироко се задоволни од моите настапи, најточно би одговориле самите тие, но ако можам да си дозволам, јас да го оценувам нивното задоволство, сметам дека се задоволни. Генерално, можам да кажам дека скоро сите проблеми што ги имам наметнато како советник поврзани со руралните средини, од сите сфери на нивната секојдневна егзистенција имало рекација и најголем дел од сите тие, на мое задоволство се решени. На пример, на прашања од инфраструктурата, двете улици во Грдовци се поплочуваат, мое лично залагање беше да влезат во петте приоритети на Општина Кочани. Барав интервенција за преместување на веќе постоечки мост од патниот правец Грдовци – Мојанци на патниот правец Грдовци – Горни Подлог, кој беше преместен, но за жал работите на истиот не се завршени до крај. Темата земјоделие во секое време има свои предизвици и таа заслужува посебна будност и внимание од сите инстанци во државата. За да се решат суштинските проблеми во земјоделството, мој конкретен предлог до градоначалникот е државното земјоделско земјиште со кое сега стопанисува Министерството за земјоделство и шумарство да биде под ингеренции на локалната власт и таа да го издава под концесии. Истото се однесува и за пасиштата кои се наоѓаат на територијата на Кочани. Наместо Јавното претпријатие за пасишта на Македонија, со тие пасишта да стопанисува Локалната самоуправа. Тоа ќе значи помалку незадоволни од аграрната политика од Република Македонија и повеќе пари во општинската каса.

ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ИМОТ

## НОВАТА МЕТОДОЛОГИЈА – РЕАЛНО ЈА ОПРЕДЕЛУВА ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ



ДОНАЦИЈА НА ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА

## НОВО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО ЗА ТППЕ – КОЧАНИ



СО ПРВОТО СОНДАЖНО ИСТРАЖУВАЊЕ

## ОТКРИЕНА РИМСКА НЕКРОПОЛА НА ЛОКУБИЈА



ОД 30 МАЈ ДО 4 ЈУНИ

## ДАФ 2010: РЕЖИСЕРОТ ИМА НАЈГОЛЕМА ВЛАСТ



инфо- весник на Општина Кочани
КОЧАНИ
излегува еднаш месечно
издавач
Општина Кочани
за издавачот
Ратко Димитровски
уредува
Редакциски колегиум
печати
Униконзум - Кочани
тираж
5000
e-mail:infokocani@mt.net.mk
www.kocani.gov.mk/vesnik/index.html
www.kocani.gov.mk

Известување

Весникот **Инфо - Кочани** може да се набави во Центарот за информирање во зградата на Општина Кочани и на сите дистрибутивни пунктови на “Актуелности”

*ИНФРАСТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ*

# БЕХАТОН ЗА УЛИЦИ ВО ГРДОВЦИ



Две улици во селото Грдовци со должина од 720 метри добија бехатон плочки.

- Поплочена е површина од 3.610 квадратни метри, со што централното подрачје на Грдовци има поубав изглед и пофункционален простор, рече градоначалникот на Кочани Ратко Димитровски при посетата на селото.

Задоволни се и жителите на селото. – Одлично е, можете да видите дека поплочувањето е до влезовите на куќите, а за комплетниот изглед не треба да зборуваме, се пофалија грдовјани.

За второто по големина кочанско село кое брои околу 1.200 жители, ова е значајно поместување во инфраструктурата. Вкупната инвестиција за овој зафат чини 5,6 милиони денари, од кои 4,7 милиони се од Агенцијата за поддршка на земјоделството и на руралниот развој, а другите од општинскиот буџет.



Во текот на месец мај, Секторот за урбанизам при Општина Кочани постави канализација во должина од 117 метри на улицата „Орце Николов“, изврши пробивање и тампонирање на улицата „Вера Которка“, во местото викано Монополски бавчи. Поставени се и шахти за атмосферска канализација на улицата „Гоце Делчев“, а изградена е и селска чешма во Тркање. Паралелно со ова, исчистени се и депониите во населбата Трајаново трло, а променети се и уличните светилки во селата Нивичани, Рајчани, Бели, Горни Подлог, Долни Подлог, како и во градот Кочани.

Исто така се работеше и на прочистување на патишта во ридско-планинските делови, од местото викано Крушка до манастирот „Свето Спас“. Следниот потег за прочистување е Бабиште – Јастребник – Брана Гратче, најави раководителот на Секторот – Влатко Димитров.

*НА 20. СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ*

# ИЗМЕНИ И ВО СТАТУТОТ И ВО КОМИСИИТЕ



На 20. седница на Советот на општина Кочани, што се одржа на 20 мај, членовите на Советот ја усвоија Предлог-статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на општина Кочани, со која 12 јули, Петровден е утврден како празник на Општина Кочани.

Советот го донесе Деталниот урбанистички план за дел од урбан блок Б 55, а со заклучок го утврди и Урбанистичкиот план за село Оризари, урбан блок Г 17 и Г 18, плански опфат помеѓу улиците „29 Ноември" и „510". Исто така беше утврден и Детален урбанистички план за локалитетот Шампињони „Југотутун", дел од урбаната единица 11 во Општина Кочани.

По долга дискусија беше прифатен и извештајот за работењето на КЈП „Водовод" за првото тромесечје од тековната година, како и проекцијата за користење на водата во сезоната пролет-лето од системот за водоснабдување.

При разгледувањето на информацијата за узурпираното земјиште, речни корита, канали и патишта на подрачјето на Општина Кочани, беше побарано од надлежните државни органи – Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното правобранителство доследно да ги извршуваат нивните надлежности во делот на заштитата на државното земјиште, а при подготовката на Буџетот за наредната година да се предвидат финансиски средства за покривање на трошоците поврзани со спроведувањето на постапката за узурпираното земјиште по текот на Кочанска Река од браната Гратче до рекреативниот центар Бавчалук.

За Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој и Комисијата за земјоделие, беа усвоени нови решенија за нивно формирање. Притоа, за нов член на Комисијата за финансии, буџет и локален економски развој е именуван Љупчо Стојилков, на местото на Огњан Јовиќ; во Комисијата за земјоделие е изменуван Добре Андов на местото на Димитар Арсов кој пак оди во Комисијата за мандатни прашања.

*РИВОЛВИНГ ФОНД*

# КРЕДИТИТЕ ДА СЕ ВРАТАТ – ЗА ДА ПОЧНЕ НОВИОТ КРУГ

Членовите на Советот на општина Кочани ја прифатија информација за проектот за микрокредитирање – Риволвинг фонд нагласувајќи ја потребата кредитокорисниците што поскоро да ги вратат долговите. Советот порача оние коишто не ги исполните своите обврски, да бидат опоменати, а согласно Договорот кон нив да се преземат сите понатамошни законски мерки за враќање на сите средства за да може што поскоро да се „сврти" новиот кредитен круг.

Проектот кој почна од крајот на 2005 година со средства од ИМГ, преку Владата на Италија, обезбеди мали кредити за подобрување на животниот стандард на ранливите групи во Кочани, со грејс период од 3 месеци, минимална камата од 2 % со која беа покривани трошоците на невладините организации кои учествуваа во проектните активности.

Доделувањето на кредитите одеше преку невладините организации „Еднакви за сите", „Октагон" и „ДОР", при што вкупно се доделени над 4 милиони денари или вкупно 61 кредит, од кои се вратени само 28.

*НА ЈАРБОЛОТ ПРЕД ОПШТИНАТА*

# СЕ РАЗВИОРИ ЗНАМЕТО НА КОЧАНИ

Пред почетокот на 20. седница на Советот на општина Кочани, на јарболите пред општинската зграда, до европското и македонското знаме беше кренато и знамето на Општина Кочани.

- Мислам дека Кочани го заслужува ова и еден од главните симболи што го одбележуваат постоењето на една општина, еве конечно си го доби своето место. Не сакам да се осврнувам station наназад зошто тоа досега не е спроведено, меѓутоа, според мене ние денеска направивме еден чекор со којшто се почнува нова историја на Кочани, изјави за медиумите градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски.



ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ИМОТ

# НОВАТА МЕТОДОЛОГИЈА – РЕАЛНО ЈА ОПРЕДЕЛУВА ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ



Нови, повисоки суми за данок на имот. Со тоа од почетокот на оваа календарска година се соочија граѓаните на Општина Кочани и се најдоа во дилема: кои се причините за ваквите повисоки даночни сметки.

Одделението за даноци, такси и надоместоци од Секторот за финансии во Локалната самоуправа објаснува: даночните обврзници забележуваат разликата меѓу висината на утврдената даночна обврска во минатите години и оваа, 2010 година. Разликата се должи пред сѐ на фактот дека вредноста на нивниот имот утврдена од Управата за јавни приходи, а во согласност со тогашните прописи не кореспондира со вредноста на недвижниот имот утврдена со процена од надлежните комисии, врз основа на Методологијата за изменување и дополнување на методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Владата на Република Македонија на 16 февруари 2010 година.

- Со овој акт се внесуваат елементи во процената кои порано ги немаше, а кои значително влијаат на вредноста на недвижниот имот. Важно е да се нагласи дека не се зголемува висината - стапката на данок на имот туку реално се определува вредноста на недвижниот имот кој е предмет на оданочување, рече на прес-конференцијата Суад Мехмед, раководител на Одделението.

Во Општина Кочани се регистрирани вкупно 9758 даночни обврзници, физички и правни лица, а облогот од данокот на имот е 8,7 милиони денари. Според Мехмед, наплатата на данокот се реализира со задоволително темпо.

Според Законот за даноци, за неисполнување на обврската за плаќање на данокот на имот се утврдени санкции (0,05% камата за секој ден задоцнување) како и мерките: забрана за користење на средствата на даночниот обврзник (од сметки, примања од работен однос и лични побарувања) и присилно извршување со попис, процена и продажба на имотот на даночниот обврзник.

Одделението за даноци исто така информира дека во тек е доставувањето на Решенија со кои на даночните обврзници им се утврдува обврска за плаќање на комунална такса (за истакнатата фирма односно назив). Со Одлука за висина на комуналната такса на Советот на општина Кочани, за назив на фирма се плаќа 4000 денари, а за секоја деловна единица, продавница, киоск и друго - обврската изнесува дополнителни 2000 денари. Оние даночни обврзници кои не ја пријавиле обврската за плаќање на комунална такса во рок од 15 дена од денот на настанувањето на обврската или настанатата промена покрај редовната такса, се задолжуваат и со зголемена такса од 30 %.

Во регистарот за плаќање на комунална такса за Општина Кочани се регистрирани 2199 обврзници.



*СО ПОДДРШКА НА УКРАИНСКИ ЕКСПЕРТИ*

# СЕ ДЕФИНИРА РАЗВОЈНИОТ КОНЦЕПТ НА „ГЕОТЕРМА“



Проектен тим составен од претставници од Општина Кочани и КЈП „Водовод“ во мај престојуваше во работна посета на Киев, Република Украина како една од предвидените активности во рамките на реализацијата на проектот Изработка на развојна концептуална документација за утврдување на можностите за востановување енергетски системи за искористување на потенцијалот на геотермалната енергија на територија на општина Кочани.

Во рамките на посетата проф. д-р Георги Забарни од Центарот за технологии „Центре“ ги презентираше резултатите од нацрт верзијата на финалниот извештај за развојниот концепт на геотермалниот систем „Геотерма“. При ова посебен акцент беше даден кон одредување на најефикасните начини на искористување на геотермалниот потенцијал врз основа на светските искуства за вакви и слични системи со конкретни пресметки за нивото на редукција на стакленички гасови при сегашната и идна експлоатација.

Презентираните резултати за тековниот потенцијал како и идните потребни активности за негово зголемување и поефикасно искористување во периодот до 2035 година ќе бидат предмет на разгледување на локалните експерти, а потоа финална верзија на Документацијата за развојниот концепт ќе биде предмет на усвојување од страна на Советот на општина Кочани.

Предвидените активности треба да завршат до крајот на јуни 2010 година со што геотермалниот систем ќе има дефиниран концепт по кој во иднина ќе се развива.

*ШВАЈЦАРЦИТЕ БАРААТ ПРОЕКТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ*

# РЕГИОНАЛНАТА ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА - **ПРИОРИТЕТ**



Управувањето со водите од сливот на Брегалница и подобрувањето на квалитетот на водата за пиење беше тема на состанокот со претставниците од микрорегионот и владата на Швајцарија што на 29 април се одржа во Кочани. Целта на состанокот беше да се идентификуваат поголеми и помали проекти поврзани со водите од регионот.

- Ова е своевидна поддршка на Република Македонија во примената на Рамковната директива за вода, што значи дека е потребно обезбедување рамнотежа во заштитата на природата и потребата за развој, истакнаа претставниците на Швајцарија.

- Комплетното управување со водите во микрорегионот Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново-Облешево е комплексно и значајно прашање. На разговорот беа идентификувани проблемите со кои се соочуваме ние како регион во делот на водоснабдувањето и отпадните води, наводнувањето на земјоделските површини, во делот на одбраната од порои - со целокупното управување со водените ресурси, изјави за медиумите градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски.

Тој потсети дека оваа година веќе се инвестирани 12 милиони швајцарски франци за водоснабдувањето во Берово, па оттука реално е да се очекуваат нови инвестиции за управувањето со водите по текот на Брегалница.

- Ние знаеме дека со влегувањето на Македонија во Европската унија ќе има далеку построги критериуми во управувањето со водите, пред сè во делот на отпадните води. Тие нема да бидат директно испуштани во реките и еден од нашите регионални приоротети е токму зафаќањето на отпадните води и изградба на колекторски систем и прочистителна станица, додаде Димитровски.

ДОНАЦИЈА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НОВО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО ЗА **ТППЕ – КОЧАНИ**

По 27 години, возниот парк на Територијалната противпожарна единица – Кочани доби ново возило, вредно 180 илјади евра.

- Нашата ТППЕ доби наводно возило со сила на моторот од 210 киловати и вкупна дозволена маса од 15 тони, четиритонски не’рѓосувачки резервоар за вода, резервоар за пена од 300 литри и американска пумпа „ватерус“ со капацитет од 3 илјади литри во минута.  Има и фрлач на вода и пеногенератор, соопшти на прославата на Денот на пожарникарите, командирот на ТППЕ – Кочани, Влатко Јефтимов.

- Ова возило ќе ги надомести сите работи што недостигаа на Единицата, и сметам дека ова е само почеток на подобрувањето на нашата возна структура, додаде Јефтимов.




- Кочани е една од деветнаесетте општини во државата кои добија современи специјализирани возила за гасење пожари, оттука би сакал да изразам голема благодарност до Дирекцијата за заштита и спасување и до Владата на Република Македонија, рече во своето обраќање на свеченоста, градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски. - Сакам да најавам дека во наредниот период претстои обука на нашите пожарникари во Крањ. Веќе функционира и доброволното противпожарно друштво, а ќе настојуваме негово проширување со единици во Оризари и Чешиново –Облешево односно на територијата што ја покрива нашата Единица. Наша цел е ТППЕ – Кочани да не биде затворена, туку секојдневно да биде присутна меѓу граѓаните: кај учениците, да ги обучува како се спречува пожарот. За остварување на ваквите задачи очекувам апсолутна поддршка на Единицата и од образованието, и од Полицијата и од  Центарот за управување со кризи, и што е најважно од граѓаните кои ќе внимаваат како се однесуваат со огнот и на тој начин ќе спречуваат интервенции на пожари, бидејќи секој пожар предизвикува штета која тешко се надоместува, истакна градоначалникот.

Според командирот Јефтимов, во наредниот период  се очекува донација на уште едно возило од Крањ, а кон крајот на август и почетокот на септември пожарникарите од Крањ ќе дојдат во Кочани за да реализираат обука за работи кои кочанската единица не ги извршува.



Не е сè така лесно.

Како е кога ќе го видиш семејството кое штотуку останало без својот дом.

Кога би сфатиле како е наутро кога се враќаш дома кај својата фамилија со мислата дека ноќта во сообраќајка си видел како умира млада фамилија...

Кога би ги читале мислите со секоја дојава, дали е вистинска, како е изградена зградата, какви опасности нè чекаат, може ли да има експлозија...

Како е кога ќе се вратиш дома да го поздравиш своето семејство, но немаш храброст да им кажеш дека од последната интервенција одвај си се вратил жив... Кога би знаеле колку е стресна нашата работа гледајќи ја човечката тага...

Она што можете да го сторите е да нè почитувате и да нè разберете. Тоа е нашето послание, нашата работа, нашиот живот. Тоа сме ние, Вашите пожарникари!

СО ПРВОТО СОНДАЖНО ИСТРАЖУВАЊЕ

# ОТКРИЕНА РИМСКА НЕКРОПОЛА НА **ЛОКУБИЈА**



Остатоци од римска некропола датирана меѓу првиот и четвртиот век од нашата ера пронајдоа археолозите со првото сондажно истражување на локалитетот Локубија.

- Случаен наод откриен на триесетина метри од просторот што сега го истражуваме беше повод да ги започнеме овие заштитни археолошки истражувања, чија цел беше да се откријат просторните и временските рамки на самиот локалитет односно да се даде одговор на прашањето дали воопшто станува збор за археолошко наоѓалиште, вели археологот Илинка Атанасова.

При истражувањата реализирани на 7 поставени сонди, на јужната и делумно на западната тераса на локалитетот Локубија, откриена е некропола од римскиот царски период, датирана меѓу првиот и четвртиот век од нашата ера каде што има комбинирано погребување – истовремено и скелетно и инхумирање на покојниците. Според археолозите, ова укажува на еден податок дека автохтоното население сè уште не ги прифаќа новините што ги носи Римското Царство и во делот на погребувањето си задржува одредени свои традиции коишто се карактеристични особено за некрополите по течението на реката Брегалница. При ископувањата пронајдена е и фрагментирана керамика – придружен материјал при погребувањата.

- Задоволни сме од резултатите на овој проект. Ова особено е значајно и за Музејот на Кочани за чиешто формирање е направен првиот чекор. За жал сè уште имаме тешкотии со обезбедувањето простор, но очекуваме дека ќе наидеме на заеднички јазик со надлежните институции и што поскоро да можеме да ги презентираме експонатите, изјави за медиумите градоначалникот на Општина Кочани, Ратко Димитровски.

За археолошките истражувања на Локубија преку проект на Министерството за култура беа наменети 150 илјади денари. Наскоро претстои ново истражување на локалитетот „Свети Атанас“ во Спанчево, а во јули е планиран и дел со презентација - изложба на плакати на којашто ќе бидат прикажани резултатите од досегашните истражувања на локалитетот во Спанчево и дел од материјалот којшто археологот Ирена Настева Колиштркова го има обработено на локалитетот Бурилчево.



Археолошкиот локалитет Локубија е познат од 1978 г., а првите податоци коишто го спомнуваат датираат од 1933 година и се публикувани од археологот Никола Вулиќ, кај кого се однесени три мермерни стели откриени при обработка на лозјата. На стелите има релјефни претстави на Зевс и Хера и текст со имињата на месни жители што ги приложуваат овие стели. Корените на личните имиња имаат трачко потекло.

На археолошката карта на Република Македонија, во Кочанско има над 140 дефинирани археолошки наоѓалишта.

ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ЕВРОПА

# МЛАДИТЕ САКААТ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЦАТА НА ВРЕДНОСТИ

Во пресрет на 9 Мај, на платото во Трговскиот центар во Кочани се одржа прослава на која во организација на Инфо-точката од Општина Кочани и мисијата на Европската унија во Македонија, се славеше Денот на Европа.

Во своето обраќање пред присутните, претседателот на Советот на општина Кочани, Анче Трифунов истакна дека 2010 година е посветена на одбележувањето на 60-годишнината од Шумановата декларација за обединета Европа.





- За Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија, токму принципите на солидарност и поттикнување на развојот се водечката сила кон која се стремиме во процесот на евроинтеграции. На патот на Македонија кон Европската унија, минатата, 2009 г. ќе биде запаметена како година кога падна шенгенскиот ѕид. Стремејќи кон ЕУ, всушност настојуваме за спојување на различностите во едно заедништво. Славејќи го и овде Денот на Европа, сакаме да ја приближиме најсилната порака од Шуман дека единствениот начин да се решат сите проблеми кои ги разединуваат земјите и луѓето е само преку политички дијалог, истакна претседателот Трифунов.

Тој даде посебен акцент на искористувањето на европските развојни фондови кои нудат помош за градење на капацитетите за усвојување и спроведување на европските стандарди. Податокот дека ЕУ има обезбедено поддршка во вредност од околу 12 милијарди евра за Западен Балкан, што претставува една од најголемите поддршки по глава на жител во светот треба да претставува мотив повеќе за сите нас. - Овие фондови отвораат простор за меѓуопштинска соработка и заеднички настапи во различни сфери од живеењето во смисла на развој на граѓанското општество, придонесот кон одржлив развој и намалувањето на сиромаштијата, додаде претседателот на Советот.



На штандови, учениците од ОУ „Свети Кирил и Методиј" од Кочани ја претставија европска Италија. Покрај пропагандниот материјал составен од летоци, белетристика и друга литература на италијански јазик, тие симболично ги имаа претставено знамето на Италија, и дел од италијанската храна – обожуваната од многумина – италијанска пица – на кочански начин.

Двете средни училишта ги претставија Белгија, Латвија, Франција, Луксембург, а неколку локални музички состави приредија забава во чест на Европа.

Пораката што ја упатија де од граѓаните што ја следеа свеченоста е сите да придонесеме во процесот на интегрирање кон ЕУ, да работиме сите заедно за зголемување на просперитетот, безбедноста и солидарноста, да ги јакнеме демократските капацитети, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и правата на малцинствата и половата рамноправност.

И учениците ја истакнаа целта на Република Македонија - да го заврши процесот на интеграција во ЕУ – за да станеме дел од најголемата економска зона во светот, дел од областа на мир, стабилност и демократија и да бидеме дел од заедницата на вредности.

## УСВОЕНА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

# ПЕТРОВДЕН УТВРДЕН ЗА ПРА

***Советот на општина Кочани на 20. седница ги усвои измените и дополнувањата на Статутот со кои 12 јули, Петровден е утврден како Празник на Општината. На ова претходеше јавна расправа на која по иницијативата на градоначалникот Ратко Димитровски граѓаните ги изнесоа своите мислења и даваа предлози.***



- Овде сме да ги искажеме ставовите по иницијативата што веќе ја прифати Советот на општина Кочани, рече во своето експозе на трибината градоначалникот Димитровски. За општината, Статутот претставува устав. Оттука, целта е овој празник да влезе во Статутот, а граѓаните да го чувствуваат како свој ден. Таков ден којшто сите го чувствуваме како свој е Петровден. Со ваквиот предлог Петровден да биде празник на Општината, не сакаме да го омаловажиме денот на ослободувањето и не треба да го мешаме со него. Освен културните манифестации коишто и досега се реализираа, а беа поврзани со Петровден, сакам да предложам да имаме награди поврзани со овој празник. Идејата е да воспоставиме награда за животно дело во некоја област, во областа на медицината, земјоделието, науката, образованието. Имаме познати дејци коишто потекнуваат од тука, за кои паричната награда е ништо, во однос на награда од градот Кочани, којашто како обележје ќе остане традиција и ќе се предаде во



владение на наредните генерации, додаде градоначалникот во своето воведно обраќање.

Во своите дискуии, учесниците на трибината во најголем дел и емотивно се навраќаа на петровденските прослави. Според претседателот на Здружението на пензионери – Кочани, Ѓорги Серафимов - идејата е одлична и добро е да се даде ваков акцент и поголемо внимание на Петровден. - Официјализирањето ќе даде голем поттик за славењето на овој празник, кој отсекогаш бил главен празник на градот, рече Серафимов.

Поддршка на иницијативата на градоначалникот даде и уметникот Симеон Иванов – Канго кој истакна дека празнување на Петровден би било спој на минатото, сегашноста и иднината.

- Ние од Центарот за култура „Бели мугри", во чест на Петровден организи-

# ЗНИК НА ОПШТИНАТА



раме двонеделно празнување составено од содржини од секоја област на уметноста, за сите љубители на културата, истакна во својата дискусија директорот на Центарот за култура „Бели мугри“, Коце Стојменов. Покрај тоа го имаме и Петровденскиот турнир во мал фудбал. Со прифаќањето на Петровден како празник на Општината, сметам дека програмата уште повеќе ќе се збогати. Јас давам целосна поддршка на оваа иницијатива. Се надевам дека тоа ќе претставува повод Петровден да се одбележува во поинакво светло, и со една поинаква организациска димензија, истакна Стојменов.

-Во дилема сум дека Петровден повеќе е празник на градот одошто празник на општината. Дали можеби не треба да се размислува еден од деновите на жетвата да биде празник на Општината, го пренесе својот личен став Гоше Манасиев, секретар на Здружението на борците од Кочани.

За новинарот и публицист, Киро Герасимов оваа иницијатива за Петровден покренува идеја за истражување на корените на познати кочански семејства и пишување летопис за кочанци. Во оваа работа би биле вклучени повеќе научни и културни работници во истражувања за луѓе кои во изминативе 100 -150 години оставиле значајни траги во историјата на Кочани.

-Да се размислува за едно обележје на Свети Петар за да можеме да се собираме и да имаме активности, предложи Герасимов. Идеално место е кај Летната сцена на Центарот за култура, да се постави една биста, еден споменик, едно обележје на Апостолот. Да се распише конкурс, да можат уметниците да творат за празникот, и да се понуди амблем за празнувањето на Кочани, предложи Герасимов.



Според новинарот Лазо Димитров, за да биде еден празник голем, би требало да исполнува два услови – да е обнароден и содржински осмислен.

- Мислам дека можеме сите да размислуваме на таа тема, но главниот суд ќе го даде народот. Иницијативата е во ред, и идејата на тој празник да се поместат наградите на Кочани. Во минатото имавме многу промашувања, сега е момент да се дефинираат соодветни празнувања – сè со цел да се создаде историја на градот и да се изгради имиџ, рече Димитров.

На трибината својот став го изнесе и претседателот на Советот на општина Кочани, Анче Трифунов искажувајќи убеденост дека оваа иницијатива ќе заживее, токму затоа што и на трибината структури од различни милјеа ги изнесоа своите позитивни ставови по ова прашање.

*ОД ФОРУМОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА*

# ОГРАДИ ЗА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ



ОУ „Свети Кирил и Методиј“ и Гимназијата „Ѓупчо Сантов“ добија ограда на дворниот простор. Активностите за нејзино поставување беа проследени со хортикултурно средување на дворната површина.

-Просторот се прошири, работиме на негово облагородување, со што сметам дека дворната површина стана позаштитена, пофункционална и естетски посредена, изјави за „Инфо–Кочани“, директорката на „Свети Кирил и Методиј“, Голубинка Ѓорѓиева.

Следен чекор е оградување на клонот 4 на Детската градинка „Павлина Велјанова“, каде веќе се подготвува озеленување на површината. Според директорката на Градинката, Ленче Донева проектот дава решение на проблемот со кој подолго време се соочува овој јавен објект, ако се има предвид близината на Градскиот пазар.

Проектот Ограден училишен двор – поголема безбедност и сигурност на учениците од „Св. Кирил и Методиј“, СОУ „Ѓупчо Сантов“, ЈОДУ „Павлина Велјанова“ и Градска спортска сала доби најмногу поени на проектот Форум во заедницата, за што беше одобрен буџет од 2,3 милиони денари, средства обезбедени од Швајцарската агенција за развој и ФИИОМ. Финансиско учество од 20 % има Општина Кочани, а со 10 % учествува училиштето. Граѓаните на Кочани преку Форум во заедницата овозможија реализација и на проектите Санација на спортската сала и Парковско зеленило во населбата Калиманова глава.

*РАБОТИЛНИЦА*

# ДИСКРИМИНАЦИЈАТА – ПОД ЛУПА?!



Во рамките на проектот „Воведување индикатори за мерење на дискриминација на локално ниво“, во Кочани се одржа регионална работилница на тема „Развивање на индикатори и буџетирање“.

Со учество на претставници од советите на општините Кочани, Виница, Чешиново-Облешево, Делчево и Македонска Каменица се расправаше за дискриминацијата - видовите, механизмите, политиките и активностите поврзани со неа.

– Понекогаш и не сме свесни колку е распространета дискриминацијата и како да се справиме со неа. Зарем не е дискриминација по пол, кога во огласите за работа се бараат само девојки, и не ли е дискриминација по возраст, кога се става реска граница за вработување на лица до 35 годишна возраст, дискутираа присутните.

На работилницата беше отворена темата во врска со формирањето на општинскиот буџет. Притоа беше нагласена потребата од поголемо учество на граѓаните во процесот на неговото формирање и транспарентноста при неговото извршување.

Проектот е поддржан од Европската унија, преку програмата „Прогрес“ како и проектот „Подготовка и тестирање на инструменти за следење на буџетските трошења и алокации на локално ниво од аспект на човековите права“ поддржан од Програмата CIVICa мобилитас.

Работилницата ја реализираше тим експерти од Хелсиншкиот комитет за човекови права од Скопје.

*ВО ПОДГОТОВКА*

# НОВ ПРОПАГАНДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА КОЧАНИ




Се збогатува печатениот пропаганден материјал на Општина Кочани. Во функција на претставувањето на Кочани во рамките на Регионот Исток, што ќе се случи во Скопје, на 12 јуни, во подготовка се повеќе материјали што ги посочуваат природните и културните вредности на Кочани.

- Идејата е што поголем акцент да се стави на фотографијата, со краток текстуален опис содржината што повеќе да информира и да го привлече вниманието и на нашите граѓани и на посетителите, вели Зоран Манасиев, раководител на Секторот за планирање и развој. На тој начин Кочани ќе биде претставен како град на оризот, потоа со своите туристички пунктови и природни убавини, со археолошките и верските локалитети, но и со проектите Аквапарк и Агро-берза, најавува Манасиев.

Од печат излезе и картата на Кочани, печатена двострано. Во размер 1:8500 од едната страна е прикажан градот со улиците со нови имиња, а од другата страна општината со соседните гранични општини. – Ова е уште еден момент што ја збогатува понудата на пропагандниот материјал, кој посебно е значаен за летниот период што доаѓа, додава Манасиев истакнувајќи дека дистрибуцијата ќе овозможи поголема покриеност меѓу населението.

*ВО ОУ „НИКОЛА КАРЕВ“ – КОЧАНИ*

# ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА ЗА ДВЕ ПАРАЛЕЛКИ ПРВООДДЕЛЕНЦИ



Од септември, две паралелки првоодделенци од ОУ „Никола Карев“ ќе можат да посетуваат целодневна настава. Ова е новина за кочанските образовни простори, која ќе понуди современ модел на настава. Долготрајните напори на Одделението за јавни дејности од Општина Кочани за воведување ваков модел на настава наидоа на одобрување и од Комисијата за образование која функционира како советодавно тело на Градоначалникот. На состанокот што го одржа ова тело во првата половина од мај, беа отворени и други клучни тековни прашања од сферата на образованието..

- Во врска со уписот на учениците во прво одделение се договоривме децата Роми да се распоредат во секое основно училиште во Кочани, соопшти по средбата со Комисијата, градоначалникот Ратко Димитровски.

Значаен момент се и активностите за изработка стратегија за образование за наредните пет години, кои тргнаа со формирање тим од стручни лица. По реализацијата на курсот по англиски јазик, во план е започнување курсеви за изучување на други странски јазици.

*РЕЗУЛТАТ ЗА ПОЧИТ*

# ОСУМ ДРЖАВНИ НАГРАДИ ЗА МУЗИЧКОТО УЧИЛИШТЕ



Музичкото училиште „Ристо Јуруков“ донесе осум награди од овогодишниот Државен натпревар по музика што се одржа на 14 и 15 мај во Скопје.

– Ова е одличен резултат, ако го имаме предвид податокот дека имавме десет учесници - неколкупати зголемен број во споредба со претходно, изјави за медиумите директорката на Музичкото, Јованка Милојевиќ. – Горди сме на ваквиот успех кој е резултат на перманентниот труд што го вложуваат и учениците и наставниците, додаде Милојевиќ.

Први награди освоија пијанистите Деспина Илиева и Андреј Јованов од класите на професорките Марија Лазарова и Елизабета Ѓеорѓиева. Втора награда – виолинистите Верица Ајтовска и Димитар Лазаров од класата на професорката Марија Данилова, и Надица Пујевска, Борис Пујевски – пијано, од класата на професор Благој Николов. Втора награда донесе и Димитар Ангелов, гитара - професор Зоран Христов, а пофалница гитаристот - Воислав Петров. Третонаграден беше Бојан Стојменовски, пијано од класата на проф. Марија Лазарова.



Во чест на постигнатите резултати на натпреварот што првпат го организира Здружението на музички педагози на Република Македонија, Училиштето организираше прием за наградените, посакувајќи им многу следни успеси.

*СЕЌАВАЊА*

# „КОЧАНСКИ ОКОЛИСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР “- ТЕАТАР СО ВИСОКИ УМЕТНИЧКИ ДОСТРЕЛИ




Во културната историја на Кочани во средината на минатиот век,значајно место му припаѓа на Народниот театар,кој со својата работа и постигања се вбројува во значајните сегменти на нашата национална култура и историја.Иако постоел и работел само девет години и исто толку театарски сезони,Кочанскиот народен театар бил место каде што се негувал талентот,сопствениот македонски јазик и култура,бил расадник на млади таленти од кои подоцна израснаа артисти со големи творечки и артистички вредности,кои ја продолжија својата работа во поголемите театарски куќи во Македонија.

Корените се длабоки и трајни.Кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Кочани постои дилетантска група составена претежно од учители и ученици кои се школувале во Солунската гимназија.Така од засега скудните запишани документи се знае дека во 1905 година група студенти и ученици на Солунската гимназија за време на зимскиот распуст ја поставиле и ја играле пиесата „Геновева“ во која тогаш женските улоги ги играле мажи.Премиерата и неколкуте изведби биле во црковната зграда на ќелијното училиште познато под името „Метово “ во Кочани.

Кочанскиот околиски народен театар е формиран со одлука на Пленумот на Народниот одбор за Кочанска околија,кој на своето заседание одржано на 9 септември 1950 година донел решение за формирање на Околиски народен тетатар, со Решение бр.1186 од 20 септември 1050 година, потпишано од тогашниот претседател Ане Арсов и секретарот Стојан Трендов. Со решение пак под број 9694 од 12 ноември 1951 година,Борис Николов Стојчев (тогашен директор на Околискиот народен театар) се назначува и за директор на Киното и Театарот во Кочани.

За потребите на Тетарот започнала да се гради и зградата во која од сезоната 1952/53 година ќе започне да функционира Театарот и Киното во Кочани. Дотогаш театарот своите претстави ги прикажувал на сцената на Соколаната.

Се формирал професионален театарски ансамбл, со професионално вработени артисти, сценографи, шминкери, технички персонал. Во летописот на театарот од Кочани стои запишано и следново: 56 премиерно изведени претстави во 9 театарски сезони,571 репризна престава со вкупен број на посетители 115.641. Тоа се бројки кои импресионираат со својата големина и значење. Последната сезона од постоењето е 1958/59 кога биле изведени 7 премиери со 58 репризи со број на посетители 11.452. Последната премиера е изведена на 20 мај 1959 гиодина и носи наслов „Човекот од Марс“ во режија на Борис Стојчев.

Крајот на Кочанскиот околиски народен театар го бележиме во Решението од 12 јуни 1959 година на Околискиот народен одбор на Кочани, со „излитени фрази“ и образложение за „божемната“ финансиска криза во театарот.

Во ова сеќавање на Кочанскиот окописки театар треба да се спомене и генерација артисти кои му оставија посебен белег, а кои по затворањето на истот, заминаа на работа во Штипскиот, Битолскиот и Скопскиот народен театар.Тоа се: Борис Стојчев, Станка Христова, Митко Тодоров, Љубица Ампова, Лазар Лазаров, Лидија Ефремова, Стојчо Стојанов, Николина Иванова, Стефка Охомуш, Иван Гацов, Виолета Иванова Стојчева, Бошко Димитров, Никола Христов, Правда Илиќ, Ружа Арсова, Сане Митев, Никола Димитров, Благој Ковец, Ванчо Голубов, Јордан Џамов, Ленче Стојанова, Рада Златковиќ, Благој Стојчев, Спиро Василев, Ратка Захариева, Катица Ческо, Панче Манов, Блашка Дишленковиќ, Вера Трајковиќ, Правда Илиќ, Кума Георгиева, Благој Лазаров, Борис Аџи Иванов, Љубица Тоткарска, Благој Естатов, Буце Теодосиев, Љубица Гашпар, Митко Вангелов, Здравка Шапова Иванова, Киро Ќортошев и многу други.

Иницијативата за обновување на работата на Кочанскиот театар,како хроничар на овој град ја покренав на промоцијата на мојата книга „Народен театар Кочани“ која се одржа во автентичен амбиент на некогашниот театар во Кочани на 26 септември 2001 година.Таа идеја сѐ уште стои како отворено прашање пред одговорните во општината и верувам дека токму сега се созреани условите за формирање на Кочански професионален театар.

Киро Герасимов

*ОД 30 МАЈ ДО 4 ЈУНИ*

# ДАФ 2010: РЕЖИСЕРОТ ИМА НАЈГОЛЕМА *ВЛАСТ*



- Овогодишниот Драмски аматерски фестивал носи квалитет. Имавме успешна селекција и нè очекува добра програма. Режисерот има најголема власт - тоа е мотото, линијата по која ќе се обидуваме да се движи овогодишниот Драмски аматерски фестивал. Вака го најавува фестивалот на драмскиот аматеризам, извршниот директор на ДАФ, Благој Пенов. Меѓународна димезија оваа година донесуваат гостите од Црна Гора и од Србија.

Отворањето е закажано за 30 мај навечер, со Игра со пламен, вовед во претставата на Театарската работилница при Катедрата по англиски јазик од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, по што ќе следуваат изложби на театарски костими, а подоцна и на плакати.

Претседател на жирито на ДАФ - 2010 е Рајна Кошка, професор на Катедрата по англиски, а членови се Петар Мирчевски - актер во Битолскиот театар и Кирил Петрески - режисер во Центарот за култура „Марко Цепеков" од Прилеп. Водител на разговорите на тркалезната маса е режисерот Александар Ивановски. Селектор беше актерот Нино Леви.

Во Македонија само фестивалот „Охриско лето" има одбележано јубилејни педесет години. Оттука голем предизвик претставуваат педесетте години драмски аматеризам - 1961-2011, на што вниманието ќе биде свртено идната година.

*ВО СЕПТЕМВРИ*

## ВЕЛИЧКОВА – УЧЕСНИК НА „ПИРИН ФОЛК"



Николина Величкова од Кочани ќе настапи на „Пирин –фолк 2010". Таа, во втората половина на мај го помина и последниот кастинг што се одржа во Софија, по што се најде на списокот на фестивалски учесници.

- За мене ова е голем успех, првпат ќе настапувам на фестивал, на аудицијата во Софија пеев во исклучително силна конкуренција со многу квалитетни пејачи, вели Величкова.

Задоволна од досега сработеното, таа најавува период на подготвување песна чиј автор ќе биде Сашко Велков.

- Јас подолго време се појавувам како автор и аранжер на „Пирин фолк" во Сандански, Република Бугарија. Морам да истакнам дека подготовките се далеку поквалитетни од нашите професионални фестивали. И сега имам авторска песна, но посебно ми е мило што на „Пирин фолк" ќе имаме претставник од Кочани. Сметам дека ова е преголем успех за аматер, човек кој досега нема поголемо искуство во поглед на учество на фестивали – да влезе меѓу учесниците на „Пирин фолк". Јас ќе направам сè да создадам убава композиција, за да го претставиме убаво нашиот град и да забележиме успех.

„Пирин фолк" ќе се одржи на 3 и 4 септември во Сандански, Република Бугарија.

*ЗА МЕСЕЦ МАЈ ОД БИБЛИОТЕКА „ИСКРА" - КОЧАНИ*

### НАЈБАРАНИ КНИГИ ЗА ДЕЦА:

**„Девојчето од шестата месечина"** –Муни Вичер,
**„Другата страна на тишината"** – Маргарет Маи,
**„Надарени-Далеку од очи, далеку од срце"** – Мерилин Кеј.




### НАЈБАРАНИ КНИГИ ЗА ВОЗРАСНИ:

**„Знакот близнаци"** – Роберт Ладлам,
**„Марина"** – Карлос Руиз Зафон,
**„Помрачување"** – Стефани Мајер.

МЕЃУОПШТИНСКА ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ

# ПРЕТСТОЈАТ БОРБИТЕ НА *НАЈУСПЕШНИТЕ*

Училишната меѓуопштинска лига во мал фудбал, е на самиот крај. По тринаесет одиграни кола, добра игра, многу голови, радувања и дружења и по некоја повреда и преврска, во плеј-офот ќе одат најдобрите.

- Сметам дека успеавме да направиме едно силно спортско раздвижување меѓу учениците од општините Кочани, Чешиново-Облешево и Зрновци, рече градоначалникот на Кочани, Ратко Димитровски. - За нас како организатори, јакнењето на спортскиот дух меѓу младите е мошне значајно. Сигурен сум дека по овие натпревари кај многу млади момчиња ќе се јави желбата уште повеќе да се посветат на спортот. Професорите и другите спортски работници имаа можност да лоцираат нови таленти, да им дадат поддршка, да ги насочат. Значи со оваа лига постигнавме повеќе цели. Ќе работиме ова понатаму да го надградуваме и во другите спортски дисциплини, изјави за медиумите градоначалникот Димитровски при посетата на еден од натпреварите од Меѓуопштинската лига во мал фудбал.

По дванаесеттото коло, прва на табелата е екипата на ОУ „Малина Попиванова“ со 28 освоени поени, а по неа со 27 поени се екипите на „Климент Охридски“ од Облешево , „Никола Карев“ и „Свети Кирил и Методиј“ од Кочани.



ЛИСТА НА СТРЕЛЦИ - (ТОП 10)

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | | УЧИЛИШТЕ | ПОСТИГНАТИ ГОЛОВИ |
|---|---|---|---|
| 1. | ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ | ОУ“СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” | ( 20 ) |
| 2. | ЈОРДАНЧО АРСОВ | ОУ“НИКОЛА КАРЕВ” | ( 19 ) |
| 3. | АНТОНИО ЕФТИМОВ | ОУ“КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” | ( 19 ) |
| 4. | ХРИСТИЈАН АНАНИЕВ | ОУ“МАЛИНА ПОП ИВАНОВА” | ( 12 ) |
| 5. | ЉУБОМИР АРСОВ | ОУ“СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” | ( 9 ) |
| 6. | ДЕЈАН ДОНЧЕВ | ОУ“МАЛИНА ПОП ИВАНОВА” | ( 7 ) |
| 7. | БОЈАН СИМЕОНОВ | ОУ“КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ” | ( 7 ) |
| 8. | НЕНАД СТОЈАНОВ | ОУ“НИКОЛА КАРЕВ” | ( 6 ) |
| 9. | ХРИСТИЈАН БЛАЖЕВ | ОУ“КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” | ( 6 ) |
| 10. | ДАНИЕЛ ЃОРГИЕВ | ОУ“СИНИША СТОИЛОВ” | ( 6 ) |

КАРАТЕ

# ПОВТОРЕН БЛЕСОК НА *АДИЛ МЕХМЕД И КК „КОЧАНИ“*

На турнирот организиран од Карате федерацијата на Македонија, кој воедно е селективен турнир за селекциите во карате на Република Македонија, каратистите од КК „Кочани“ предводени од тренерот Игор Каров постигнаа вреден успех. Во категоријата борби за натпреварувачи родени 1997 год. -55 кг, Адил Мехмед повторно ја докажа вонредната спортска класа. Во финалната борба Мехмед го декласираше противникот од Куманово со неверојатни 10:0 и на 40 секунди пред истекот на регуларните две минути борба, судиите ја прекинаа борбата и му ја доделија победата на нашиот натпреварувач.

За освоеното прво место Мехмед е награден со комплетна спортска опрема




од страна на КФМ, а вистинската награда е поканата за настап за Македонската карате репрезентација на Балканското првенство, оваа година во Белград .

Во категоријата борба тимови за натпреварувачи родени 1997/98/99 год. кочанскиот тим во состав Адил Мехмед, Тоше Георгиев и Никола Трајчев, го освои бронзениот медал. За тимот на КК„Кочани“ победи оствариja: Адил Мехмед со резултат 4:0 против противникот од „Кеикс“ - Скопје и 9:0 против натпреварувач од „Ботони“-Скопје, Тоше Георгиев го совлада претставникот на „Кеикс“-Скопје со 3:0, во полуфиналната борба загуби од натпреварувачот на „Ботони“ и Никола Трајчев со нерешен резултат и пораз.

## ОПШТИНА КОЧАНИ

*Централа -*
**274 - 001**
*Претседател на Советот на општина та-*
**274 - 249**
*Секретар на Општина Кочани -*
**274 - 001/103**
*Раководител на Сектор за финансии -*
**274 -001/107**
*Раководител на Сектор за локален економски развој -*
**274- 001/ 104**
*Раководител на Сектор за правни дејности -*
**274 - 001 / 106**
*Раководител на Сектор за урбанизам -*
**274- 013 /119**
*Раководител на Одделение за правни дејности -*
**274 - 001/ 106**
*Раководител на Одделение за јавни дејности -*
**274 - 001/116**
*Раководител на Одделение за урбанизам -*
**274 -001/111**
*Раководител на Одделение за комунални дејности -*
**274- 013/106**
*Раководител на Одделение за човечки ресурси -*
**274 - 001/116**
*Служба за буџет, финансии, сметководство и јавни набавки -*
**274 -001/ 105**
*Служба за даноци, такси и надоместоци -*
**274 - 001/105**
*Служба за седници на Совет -*
**274 -001/ 116**
*Едношалтерска канцеларија -*
**274 -001/113**
*Одделение за комунални работи -*
**274- 013/106**
*Одделение за уредување на градежно земјиште -*
**274 -013/103**
*Служба за утврдување наплата на даноци на имот и промет на недвижности -*
**274 -013/120**
*Служба за издавање документација за градба -*
**274 -013/ 103**
*Самостоен референт за извршување на управни акти -*
**274 - 001/114**
*Одделение за ГИС и ИКТ-*
**274 - 013 / 111**
*Ревизори -*
**274 - 013/ 114**
*Градежна инспекција -*
**274 -013 / 105**
*Комунална инспекција -*
**274 - 013 / 106**
*Инпекција за животна средина -*
**274 - 013/ 114**
*Сообраќајна инспекција -*
**274 - 013 /114**

## КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД

*Централа -*
**279 - 101; 279 - 123, факс - 270 -402**
*Стопански двор -*
**272 - 793**
*Фабрика за вода -*
**279 - 128**
*Бунари - Грдовци -*
**272 -776**
*Геотерма - Кочани -*
**279 - 110**
*Геотермални води - Подлог -*
**294 - 644**
*Градска капела -*
**272 - 793**

## ДРЖАВНИ ИНСПЕКТОРИ

*Инспектор за управна постапка -*
**071/420-148**
*Санитарен инспектор -*
**075/341-176**
*Просветни инспектори -*
**076/446-130; 076/446-110**
*Инспектор за земјоделие -*
**076/445-658, 076/445-708**
*Инспектор за шумарство -*
**075/563-369**
*Трудов инспектор (Работни односи) -*
**071/321-486**
*Трудов инспектор (Заштита при работа) -*
**070/384-294**
*Инспектор за храна -*
**076/445-050**
*Инспектор за ветеринарство-*
**075/463-432**

## ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРИ

*Комунален инспектор - Владимир Дроздовски*
**072/275-628, 033/274-013**
*Инспектор за животна средина - Гоце Серафимов*
**072/275-629, 033/274-001** (лок.114)
*Градежен инспектор - Панче Грчев*
**072/275-627, 033/274-013**
*Градежен инспектор - Огњан Ѓорѓиев*
**072/275-626, 033/274-013**
*Сообраќаен инспектор - Ѓорѓи Наков*
**072/306-079, 033/274-001** (лок.114)

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Анче Трифунов, претседател -*
**072/275-602**
*Бети Кузмоновска -*
**072/275-608**
*Звонко Митков -*
**072/275-609**
*Спирко Ѓоргиев -*
**072/275-610**
*Снежана Хаџипаунова -*
**072/275-611**
*Димитар Арсов -*
**072/275- 612**
*Жаклина Филипова Свеќароска -*
**072/275-613**
*Ацо Петров -*
**072/275-614**
*Даниела Тодосиева -*
**072/275-615**
*Добре Андов -*
**072/275-616**
*Љупчо Стојилков -*
**072/275-617**
*Љупчо Наков -*
**072/275-618**
*Огнен Јовиќ -*
**072/275-619**
*Ратко Христов -*
**072/275-620**
*Соња Атанасова -*
**072/275-621**
*Босилка Михајлова -*
**072/275-622**
*Аки Акиов -*
**072/275-623**
*Влатко Трајанов -*
**072/275-624**
*Ѓорѓи Алексов -*
**072/275-625**

## ИНСТИТУЦИИ

*Електродистрибуција Кочани -*
**274-142, дежурна служба 272-167**
*Фонд за ПИОМ -*
**274-155**
*Фонд за здравствено осигурување -*
**279 -130, 279 -132, факс 279- 138**
*Шумско стопанство "Осогово" -*
**272-146**
*Агенција за вработување - Кочани -*
**272-205**
*Основен суд Кочани -*
**274-026; 271-014**
*Основно јавно обвинителство Кочани -*
**274-021, 272-762**
*Јавно правобранителство -*
**274-678**
*Центар за социјални работи -*
**274-139**
*Центар за култура "Бели мугри" -*
**272-181**
*ЈОУ Библиотека "Искра" -*
**272-479**
*Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство -*
**272-124**
*Министерство за правда -*
**274-152**
*Канцеларија за туризам- Кочани -*
**270 -012**

## УЧИЛИШТА

*ОУ "Св. Кирил и Методиј" -*
**270-679; 272-711**
*ОУ "Никола Карев" -*
**274-216**
*ОУ "Малина Попиванова" -*
**271-692**
*ОУ "Раде Кратовче" -*
**274-037**
*ОУ „Крсте Мисирков" -*
**294 - 579**
*ОМУ "Ристо Јуруков" -*
**273-207**
*СОУ "Љупчо Сантов" -*
**271-246; 271-598**
*СОУ "Гошо Викентиев" -*
**294-247, 279-001**

*********************************************

*Автобуска станица -*
**272 - 206**
*Железничка станица -*
**274-075**
*Полициска станица - Кочани -*
**271-002**
*Брза помош -*
**194**
*Противпожарна служба - Кочани -*
**271- 193**
*Шумска полиција -*
**273-666**
*Општа болница -*
**274-500**
*Здравствен дом - Кочани -*
**272 - 516**

# 46. Драмски Аматерски Фестивал на Република Македонија - Кочани '10

## 30. мај - 04. јуни 2010

### Н е д е л а, 30.05.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"-плато
20:30 часот
Филолошки факултет
„Блаже Конески"-Скопје
Катедра за англиски јазик и книжевност
Театарска работилница
Кус перформанс
**„ИГРА СО ПЛАМЕН"**
вовед во претставата

ЦК „Бели мугри"
Салон „ФОАЈЕ"
20:45 часот
**„ИЗЛОЖБА НА ТЕАТАРСКИ КОСТИМИ"**
Автор, Александар РАШКОВИЌ
доцент на ФДУ-Скопје

сцена: ЦК „Бели мугри"
21:00 часот
Филолошки факултет
„Блаже Конески"-Скопје
Катедра за англиски јазик и книжевност
Театарска работилница
**„SHAKESPEARE&Co./ ГРЕВ, ГНЕВ И АНГЕЛСКИ СМЕВ"**
( A Hell of a Play / Ѓаволски добра драма )
режија: Рајна КОШКА ХОТ

ЦК „Бели мугри"
„ Салон 2 "
22:15 часот
Сојуз на бугарските ликовни уметници и Културно информативен центар на Република Бугарија во Република Македонија
**„ИЗЛОЖБА НА ПЛАКАТ"**
од Меѓународното триенале на сценски плакат - Софија
промотор: Албена СПАСОВА

сцена: Бар „Елпида"-летна бавча
22:30 часот
ОУ Дом на културата
„Крсте Мисирков"-Свети Николе
Градски театар „Сцена '71"
Сем ШЕПАРД
**„ЛУДИ ЗА ЉУБОВ"**
режија: Слободан ЕЛИСЕЕВ

сцена: ЦК „Бели мугри"
23:30 часот
НУ Центар за култура
„Бели мугри"- Кочани
Аматерски театар
Ежен ЈОНЕСКО
**„ЛЕКЦИЈА "**
режија: Ангелчо ИЛИЕВСКИ
(претставата се игра на сцена)

### П о н е д е л н и к, 31.05.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"
11:00 часот
ЈОУ Дом на културата
„Македонија" - Гевгелија
Детско драмско студио
Јосип ПАЛАДА
**„ ЦАРСКИОТ ПАЖ "**
(или "НАЈДОБРИОТ ДРУГАР НА ПРИНЦЕЗАТА")
режија: Семра ХАСАНАГОВСКА

сцена: ЦК „Бели мугри"
20:30 часот
ОУ Дом на културата
„Злетовски рудар"-Пробиштип
Драмско студио „ЗЕР"
Дејан ДУКОВСКИ
**„ БУРЕ БАРУТ "**
режија Страшко МИЛОШЕВСКИ

сцена: ЦК „Бели мугри"
22:30 часот
Омладинско позориште
„ДАДОВ"-Белград
Република Србија
Јелена ЃОРЃЕВИЌ-КНЕЖЕВИЌ
**„И СИ ЖИВЕЕЈА СРЕЌНО ДО КРАЈОТ НА ЖИВОТОТ"**
режија: Владан ЃУРКОВИЌ

### В т о р н и к, 01.06.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"
11:00 часот
НУ Центар за култура
„Бели мугри"-Кочани
Детско драмско студио
Ангелчо ИЛИЕВСКИ
**„КАДЕ Е ТВОЕТО МЕСТО ЦОИ"**
режија: Кристина АТАНАСОВА АРСОВА

сцена: ЦК „Бели мугри"
20:30 часот
Дом на културата
„Мирка Гинова"-Демир Капија
Аматерски театар
Марк КАМОЛЕТИ
**„ СТЈУАРДЕСИ "**
режија: Томе АТАНАСОВ

сцена: ЦК „Бели мугри"
22:30 часот
СОУ „Јане Сандански" - Струмица
Драмско студио
Бертолт БРЕХТ
**„МАЛОГРАЃАНСКА СВАДБА"**
режија: Кире ЃОРЃИЕВ
(претставата се игра на сцена)

### С р е д а, 02.06.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"
17:00 часот
МЕДИА АРТЕС - Охрид
ФОРУМ ТЕАТАР-НОВО ИЗРАЗНО СРЕДСТВО
КОЛЕКТИВЕН ТРУД
**„КАДЕ СУМ ЈАС ?! - MUSPACE.OF ?!"**
режија: КОЛЕКТИВНА
(претставата се игра на сцена)

сцена: ЦК „Бели мугри"
20:30 часот
Национална установа
ЦК „Иљо Антески Смок"-Тетово
Драмско студио
Дарио ФО
**„ДОБРОНАМЕРНИ КРАДЦИ"**
режија: Артан АРСЛАНИ
(претставата е на албански јазик)

сцена: мала сала - ЦК „Бели мугри"
19:30 часот
ПРОМОЦИЈА НА КНИГА
Михаил ЧЕХОВ
**„ЗА АКТЕРСКАТА УМЕТНОСТ"**
Превод: Дарко СПАСОВ и Горан ДОДЕВСКИ
издавач, Центар за културна иницијатива - Штип
проект на Министерство за култура на Р. Македонија
промотор, Дарко СПАСОВ

сцена: ЦК „Бели мугри"
22:30 часот
Национална установа
ЦК „Марко Цепенков"-Прилеп
Младинско драмско студио
Трајче КРСТЕСКИ
**„СКИЦА ЗА ГОБЛЕН СО ПАЉАЧО"**
режисер: Саша НАЦЕВСКИ

### Ч е т в р т о к, 03.06.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"
11:00 часот
ОУ „Климент Охридски"-Облешево
ПУ „Мирче Ацев"-Кучичино
Драмска секција
Томе АРСОВСКИ
**„ГРАДИНА НА МАЛИТЕ БОГОВИ"**
ментор: Љупка Стојменова

сцена: ЦК „Бели мугри"
20:30 часот
Здружение на пензионери-Куманово
Пензионерски КУД „Ѓоко Симоновски"
Драмска работилница
Славко ДИМОВСКИ
Драгољуб ДИМОВСКИ
**„ ШУТИ И РОГАТИ "**
режија: Стоје ДОДЕВСКИ

сцена: ЦК „Бели мугри"
22:30 часот
Здружение Отворена Сцена
Театар „ЧЕКОРИ"-Скопје
Лоран ван ВЕЛТЕР
**„ М О С Т О Т "**
режија: Мартин ЛАЗАРЕВСКИ

### П е т о к, 04.06.2010

сцена: ЦК „Бели мугри"
18:00 часот
СУГС „Јосип Броз Тито"-Скопје
„Мала сцена"
Ж.Б. МОЛИЕР
Адаптација: Марија Лукаревска & Ана Петковска
**„ ТРИ ФАРСИ "**
режија: Марија Лукаревска, Ана Петковска, Теоман Максут

сцена: ЦК „Бели мугри"
20:30 часот
Културно информативен центар
„Будо Томовиќ"-Подгорица
Република Црна Гора
Драмско студио
Драган КОПРИВИЦА
**„ Х О Р "**
режија: Драган КОПРИВИЦА

сцена: ЦК „Бели мугри"
22:00 часот
ВО ЧЕСТ НА НАГРАДЕНИТЕ
Факултет за драмски уметности-Скопје
Фернандо АРАБАЛ
**„ ПИКНИК НА ФРОНТОТ "**
режија: Лука КОРТИНА

сцена: ЦК „Бели мугри"
23:00 часот
**ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА ЖИРИТО И ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ**

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




# ФОЛКЛОРОТ

## ИЗРАЗ НА НАЦИОНАЛНИОТ И КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ

Одбележувањето на јубилејот – 25 години од постоењето на ФА „Кочани“ собра на свечен концерт неколку генерации негови членови. Во преполната сала на Центарот за култура „Бели мугри“, на иста сцена настапуваа и ветераните, кои пред две и пол децении започнаа да ја пишуваат културната историја на најреномираниот ансамбл пошироко од општината, и нивните деца, за кои концертот им беше премиерен настап.

- Културната традиција и фолклорното богатство ја остваруваат најсилната врска со македонскиот идентитет. Среќни сме што и пред 25 години тргна идејата која на најмладите од Кочани им овозможи да нурнат во фолклорното творештво, да допрат до духовното и материјално богатство, и тие да се вплетат во пренесувањето на традицијата од колено на колено, од поколение на поколение. Од првите чекори во некогашниот Пионерски дом „АСНОМ“, фолклорниот состав прерасна во Градски фолклорен анасмбл, преку кој минаа илјадници членови. Ансамблот стигна до Полска, Романија, Германија, Турција, и преполни многу сали, успеа да наполни илјадници срца, да сплете безброј раце, да создаде многу пријателства и контакти. Како илустрација на значењето на Фолклорниот ансамбл „Кочани“ е и фактот дека токму овој состав е фундаментот на најголемата меѓународната културна манифестација за Кочани – „Денови на кочанскиот ориз“, изјави за „Инфо-Кочани“ уметничкиот раководител на Ансамблот, Васил Ангелов.

25 години
ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ „КОЧАНИ“

Во своето обраќање пред присутните, актуелниот претседател на ФА „Кочани“, Оливер Манасиев се заблагодари на сите поединци и институции кои континуирано давале несебична поддршка достојно да се презентира македонското културно наследство низ светот.

- Посакувам и понатаму заеднички да покажуваме дека умееме и можеме да дадеме придонес во градењето и чувањето на културните вредности, на фолклорот и традицијата. Нашата цел е да твориме и истражуваме, да работиме и да настојуваме ФА „Кочани“ да остане мост на зближување и пријателства на највисоко ниво, истакна претседателот Манасиев.

Потсетувајќи се на долгите аплаузи и блескавите концертни турнеи, членовите на ФА „Кочани“ му оддадоа посебна благодарност на долгогодишниот уметнички раководител на Ансамблот, Васил Ангелов, кој не го криеше задоволството од постигнатите резултати во сите изминати години.

Фолклорните настапи беа придружени од членовите и соработниците на оркестарот при ФА „Кочани“, предводени од маестро Сашко Велков.

На јубилејната свеченост присуствуваа и претставниците на ФА „Роза“ од Казанлак, Димитар Кабаиванов и Нина Денева, чија соработка со ФА „Кочани“ беше повод за збратимување помеѓу општините Кочани и Казанлак од Република Бугарија.

По повод јубилејот на ФА „Кочани“ издадена е и публикација, чиј автор е Васил Ангелов.







Меѓуопштинска лига во мал фудбал